ОПШТИНА ЧЕШИНОВО - ОБЛЕШЕВО

ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА

ЛЕГЕНДА

ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

САТЕЛИТСКА СНИМКА
СО НАНЕСЕНА ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ

ТИМ ПРОЕКТ
ул. Кузман Јосифовски - Питу бр.1
тел: 070/284972
e-mail: timproekt@yahoo.com

Тема Планска, дипл. инж. арх.	ВОН ИСТОКУПЕН ДЕЛОТ Кучичино
Одговорен планер и лиценциран планер:	ОПШТИНА ЧЕШИНОВО - ОБЛЕШЕВО
Тема Планска, дипл. инж. арх. бр. 0.0447	САТЕЛИТСКА СНИМКА СО НАНЕСЕНА ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ
Тема Планска, дипл. инж. арх., сер. бр. 0.0447	ТЕХ.БР. 2024
Емилија Попфранческа, дипл. инж. арх., сер. бр. 0.0711	РАЗМЕР ФОРМАТ МАРТ 2025
	ЛИСТ 7

3.ПЛАНСКО-ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

3.1 ТЕКСТУАЕН ДЕЛ

3.1.1. ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

ВОВЕД

Предмет: Проектна програма
Проект: Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план
Намена: Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија
Локација: дел од КП 1621/1, КП 1621/2, КП 2080/5, КП 3102, КП 3106, КП 3107, КП 3296, КП 3673, КП 3765, КП 3766, КП 3769, КП 3771 и КП 3772/1, КО Кучичино
Проектен опфат: 3425 m² или 0,34 ha

Моќност: 10(20)кВ среднонапонски подземен електричен вод

Должина на кабел: 1712m

Согласно член 62, став 3 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25), пред изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план се спроведува постапка за изработка, односно одобрување на Проектна програма. Согласно тоа изработена е Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија, за подземен кабелски 10(20)кВ Вод за приклучок на Фец Еко Фотоволтаик до столбно место од постоечки надземен 10(20)кВ вод, КО Кучичино, Општина Чешиново – Облешево.

Согласно член 60, точка 1 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25) во рамки на Урбанистичкиот проект се приложува Проектна програма. Проектната програма е документ со кој се дефинира описот на проектниот опфат, проектните барања за градбите во рамки на проектниот опфат и проектните барања за инфраструктура. Истата треба да овозможи изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, а со што ќе се уреди намената и начинот на користење на просторот, како и условите за градење на градбите во рамките на дефинираниот урбанистичко-проектен опфат.

Проектната програма се изработува со цел да се овозможи изработка на:

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија, за подземен кабелски 10(20)кВ Вод за приклучок на Фец Еко Фотоволтаик до столбно место од постоечки надземен 10(20)кВ вод, КО Кучичино, Општина Чешиново – Облешево.

Среднонапонскиот подземен електричен вод 10(20)кВ ќе се планира за приклучок на Фец Еко Фотоволтаик до столбно место од постоечки надземен 10(20)кВ вод, КО Кучичино.

2.1.9. ОПИС НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Проектниот опфат на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија, за подземен кабелски 10(20)кВ Вод за приклучок на Фец Еко Фотоволтаик до столбно место од постоечки надземен 10(20)кВ вод, КО Кучичино, Општина Чешиново – Облешево опфаќа дел од КП 1621/1, КП 1621/2, КП 2080/5, КП 3102, КП 3106, КП 3107, КП 3296, КП 3673, КП 3765, КП 3766, КП 3769, КП 3771 и КП 3772/1, КО Кучичино и зафаќа површина од **3425 m² или 0,34 ha**, а трасата е со должина од **1712m.**

Предмет на планирање е 10(20)кВ среднонапонски подземен електричен вод за приклучок на фотоволтаични електрана, кој треба да се изработи врз база на Услови за планирање на просторот од Агенција за планирање на просторот со технички броеви Y28624 од јули 2024 и Решение за Услови за планирање на просторот издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање со број УП1-15 1443/2024 од 05.11.2024 година.

Дел од проектниот опфат исто така е опфатен со Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (Е-1.13) - Фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште со моќност до 1MW на дел од КП 1620, дел од КП 1621, КП 1626, КП 1627, КП 1628, КП 1629 и КП 1630 и за изведба на подземен нисконапонски кабел (10/20 kV) до најблиска приклучна трафостаница - КО Кучичино, Општина Чешиново – Облешево и издадени Услови за планирање на просторот за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс, (производство на блокови и цигли од печена глина), на (КП 2080/1, 2080/2, 2080/3, 2080/4, 2080/5, 2080/7) КО Кучичино, во локалитет „Долна Лака", Општина Чешиново-Облешево, за кои е издадено Решение од Министерство за животна средина и просторно планирање со бр. УП15 7344/4 од 21.10.2011 година.

Исто така проектниот опфат се сече со траса на издадени Услови за планирање на поросторот со тех.бр:

- Y34810 – ПИ за изградба на регионален пат Р-609, делница Аргулица – Теранце – Видовиште;
- Y33510 – ПИ за изградба на автопат на делница (граничен премин со Република Бугарија – Црна Скала), Делчево – Виница – Кочани – Штип – Велес.

Границата на предметниот опфат е со следниве координати:

РЕДЕН БРОЈ	X	Y
1	4634801,4700	7609011,2200
2	4634802,6400	7609014,7700
3	4634837,7100	7609068,5000
4	4634840,5600	7609074,4300
5	4634853,1500	7609094,7500
6	4634846,6200	7609099,2800
7	4634840,5700	7609103,2900
8	4634832,8600	7609108,4800
9	4634825,8600	7609112,6800
10	4634818,4400	7609116,6000
11	4634802,8400	7609124,8800
12	4634795,4100	7609129,1000

13	4634786,5000	7609134,2400
14	4634778,0200	7609139,3900
15	4634768,8700	7609144,7800
16	4634759,5200	7609150,5100
17	4634749,8700	7609156,7000
18	4634740,2400	7609162,6800
19	4634730,2900	7609168,7100
20	4634720,3900	7609174,5200
21	4634711,1500	7609179,7600
22	4634702,0200	7609185,4500
23	4634692,7600	7609191,2100
24	4634683,6000	7609197,0900
25	4634675,0200	7609202,8000
26	4634666,0600	7609208,9100
27	4634657,0600	7609214,6600
28	4634648,3900	7609220,4500
29	4634632,1100	7609231,7800
30	4634614,8600	7609244,1600
31	4634606,1800	7609250,7300
32	4634598,9200	7609257,0700
33	4634590,9200	7609263,9300
34	4634583,5700	7609270,0000
35	4634566,7500	7609283,0500
36	4634561,9000	7609286,9400
37	4634560,2300	7609288,1900
38	4634554,7800	7609293,9400
39	4634549,4200	7609298,4300
40	4634544,8900	7609303,6500
41	4634540,1800	7609309,3200
42	4634532,8100	7609318,4400
43	4634527,8200	7609326,4200
44	4634522,2100	7609335,4100
45	4634516,8800	7609344,5000
46	4634511,3400	7609354,8100
47	4634505,9600	7609364,9400
48	4634500,7800	7609374,8700
49	4634495,3400	7609384,2300
50	4634489,4100	7609393,3900
51	4634484,2700	7609401,8000
52	4634478,6800	7609411,6400
53	4634471,7900	7609422,1000
54	4634463,8300	7609433,5100
55	4634457,1500	7609443,0800
56	4634451,3700	7609451,7300
57	4634441,3800	7609467,6500
58	4634435,1900	7609477,3200
59	4634428,2600	7609488,3400
60	4634423,3300	7609497,1300
61	4634418,2100	7609506,8000
62	4634411,3400	7609516,4300
63	4634405,2500	7609525,4300
64	4634399,5100	7609534,8800
65	4634394,9600	7609542,8900
66	4634392,1000	7609548,2400
67	4634386,8100	7609558,2900
68	4634382,1600	7609568,2700
69	4634377,7000	7609578,5500
70	4634373,0300	7609589,0100
71	4634368,7900	7609598,2000
72	4634364,2600	7609607,7800
73	4634359,6500	7609617,7100
74	4634355,6900	7609627,5900
75	4634351,3800	7609639,5900
76	4634346,0800	7609647,8700
77	4634341,5100	7609658,3000
78	4634343,8500	7609670,9200
79	4634344,9800	7609685,9000
80	4634346,0700	7609698,3300
81	4634346,8300	7609708,7800
82	4634347,3500	7609717,6600
83	4634347,3800	7609725,3200
84	4634347,0700	7609733,0600
85	4634345,7900	7609741,8800
86	4634343,8100	7609748,7100
87	4634340,8700	7609757,1100
88	4634337,1800	7609766,2500
89	4634334,4000	7609771,8800
90	4634331,3900	7609777,8800
91	4634327,0200	7609785,2600
92	4634322,5800	7609792,3000
93	4634320,0200	7609794,9800
94	4634318,0700	7609797,6600
95	4634315,1100	7609802,3600
96	4634312,3500	7609808,4300
97	4634310,3900	7609814,6300
98	4634309,1700	7609822,2600
99	4634308,8100	7609826,3800
100	4634306,5700	7609835,0000

101	4634304,1600	7609843,4500
102	4634303,5100	7609844,5400
103	4634302,9000	7609845,4200
104	4634296,9400	7609853,9800
105	4634295,0700	7609857,1500
106	4634295,2800	7609866,4400
107	4634301,9500	7609865,9500
108	4634318,2500	7609864,1200
109	4634322,3000	7609862,7400
110	4634355,3800	7609860,4500
111	4634368,4800	7609862,8000
112	4634378,9600	7609863,2400
113	4634384,1000	7609862,9300
114	4634389,6800	7609863,8600
115	4634407,3400	7609868,7200
116	4634417,5800	7609864,3900
117	4634419,6800	7609870,7500
118	4634427,0700	7609878,6700
119	4634437,7900	7609890,1800
120	4634447,2600	7609907,6900
121	4634449,9000	7609910,8800
122	4634454,2100	7609923,4500
123	4634458,0500	7609937,1300
124	4634462,3600	7609951,5400
125	4634466,8100	7609965,2300
126	4634472,2400	7609984,7400
127	4634481,6800	7610015,0000
128	4634496,1000	7610073,1700
129	4634503,6800	7610086,9700
130	4634504,5700	7610090,5100
131	4634512,8300	7610102,5000
132	4634524,0500	7610119,2900
133	4634530,8700	7610128,4800
134	4634537,5800	7610139,4800
135	4634552,4400	7610163,3000
136	4634553,9100	7610164,4500
137	4634586,4900	7610196,1500
138	4634605,6400	7610215,2800
139	4634612,4900	7610222,9300
140	4634644,5800	7610252,2000
141	4634665,7700	7610243,8600
142	4634666,5000	7610245,7200
143	4634644,1500	7610254,5100
144	4634611,0700	7610224,3400
145	4634604,1900	7610216,6600
146	4634585,0900	7610197,5800
147	4634552,5900	7610165,9600
148	4634550,9300	7610164,6600
149	4634535,8800	7610140,5300
150	4634529,2100	7610129,6000
151	4634522,4100	7610120,4400
152	4634511,1700	7610103,6200
153	4634502,7200	7610091,3500
154	4634501,8000	7610087,7100
155	4634494,2200	7610073,9000
156	4634479,7500	7610015,5400
157	4634470,3200	7609985,3100
158	4634464,8900	7609965,8100
159	4634460,4500	7609952,1400
160	4634456,1300	7609937,6900
161	4634452,3000	7609924,0500
162	4634448,1300	7609911,8700
163	4634445,5900	7609908,8100
164	4634436,1500	7609891,3600
165	4634425,6100	7609880,0300
166	4634417,9200	7609871,7900
167	4634416,3600	7609867,0800
168	4634407,4800	7609870,8400
169	4634389,2500	7609865,8200
170	4634383,9900	7609864,9400
171	4634378,9800	7609865,2400
172	4634368,2600	7609864,7900
173	4634355,2700	7609862,4600
174	4634322,7000	7609864,7200
175	4634318,6900	7609866,0800
176	4634302,1300	7609867,9400
177	4634293,3300	7609868,5900
178	4634293,0600	7609856,6200
179	4634295,2600	7609852,8900
180	4634301,2600	7609844,2900
181	4634301,8200	7609843,4600
182	4634302,3000	7609842,6500
183	4634304,6400	7609834,4700
184	4634306,8400	7609826,0400
185	4634307,1800	7609822,0100
186	4634308,4400	7609814,1600
187	4634310,4800	7609807,7200
188	4634313,3500	7609801,4000

189	4634316,4200	7609796,5400
190	4634318,4800	7609793,6900
191	4634321,0000	7609791,0700
192	4634325,3100	7609784,2200
193	4634329,6300	7609776,9200
194	4634332,6100	7609770,9900
195	4634335,3500	7609765,4300
196	4634339,0000	7609756,4100
197	4634341,9000	7609748,1000
198	4634343,8300	7609741,4600
199	4634345,0800	7609732,8800
200	4634345,3800	7609725,2900
201	4634345,3500	7609717,7200
202	4634344,8300	7609708,9100
203	4634344,0700	7609698,4900
204	4634342,9900	7609686,0600
205	4634341,8600	7609671,1800
206	4634339,4300	7609658,0600
207	4634344,3100	7609646,9200
208	4634349,5800	7609638,7000
209	4634353,8200	7609626,8900
210	4634357,8100	7609616,9200
211	4634362,4500	7609606,9300
212	4634366,9800	7609597,3600
213	4634371,2100	7609588,1900
214	4634375,8600	7609577,7500
215	4634380,3400	7609567,4500
216	4634385,0200	7609557,4000
217	4634390,3300	7609547,3000
218	4634393,2100	7609541,9200
219	4634397,7900	7609533,8600
220	4634403,5700	7609524,3400
221	4634409,7000	7609515,2900
222	4634416,5000	7609505,7400
223	4634421,5700	7609496,1700
224	4634426,5400	7609487,3100
225	4634433,5000	7609476,2500
226	4634439,6900	7609466,5700
227	4634449,7000	7609450,6500
228	4634455,5000	7609441,9500
229	4634462,1900	7609432,3700
230	4634470,1400	7609420,9700
231	4634476,9800	7609410,6000
232	4634482,5500	7609400,7800
233	4634487,7200	7609392,3200
234	4634493,6400	7609383,1900
235	4634499,0200	7609373,9000
236	4634504,1900	7609364,0100
237	4634509,5700	7609353,8700
238	4634515,1300	7609343,5200
239	4634520,5000	7609334,3700
240	4634526,1300	7609325,3600
241	4634531,1700	7609317,2700
242	4634538,6400	7609308,0500
243	4634543,3600	7609302,3600
244	4634548,0100	7609297,0000
245	4634553,4100	7609292,4800
246	4634558,9000	7609286,6900
247	4634560,6800	7609285,3600
248	4634565,5100	7609281,4800
249	4634582,3200	7609268,4400
250	4634589,6300	7609262,4000
251	4634597,6100	7609255,5600
252	4634604,9100	7609249,1800
253	4634613,6700	7609242,5500
254	4634630,9500	7609230,1400
255	4634647,2600	7609218,7900
256	4634655,9600	7609212,9900
257	4634664,9600	7609207,2500
258	4634673,9000	7609201,1500
259	4634682,5000	7609195,4200
260	4634691,6900	7609189,5200
261	4634700,9600	7609183,7600
262	4634710,1200	7609178,0500
263	4634719,3900	7609172,7900
264	4634729,2600	7609166,9900
265	4634739,1900	7609160,9700
266	4634748,8000	7609155,0100
267	4634758,4600	7609148,8100
268	4634767,8400	7609143,0700
269	4634777,0000	7609137,6700
270	4634785,4800	7609132,5200
271	4634794,4200	7609127,3600
272	4634801,8800	7609123,1200
273	4634817,5100	7609114,8300
274	4634824,8800	7609110,9400
275	4634831,7900	7609106,7900
276	4634839,4600	7609101,6300

277	4634845,4900	7609097,6200
278	4634850,4400	7609094,1900
279	4634838,8000	7609075,3900
280	4634835,9600	7609069,4900
281	4634800,8200	7609015,6400
282	4634799,5700	7609011,8500

Површината на проектниот опфат во рамки на опишаните граници изнесува вкупно **3425 m² или 0,34 ha**.

Периметарот на проектниот опфат изнесува **3428.5590 m'**.

2.1.10. ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ГРАДБИТЕ ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

За потребите на инвеститорот потребно е да се изработи **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија, за подземен кабелски 10(20)кВ Вод за приклучок на Фец Еко Фотоволтаик до столбно место од постоечки надземен 10(20)кВ вод, КО Кучичино, Општина Чешиново – Облешево**, во согласност со:

- Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 32/20, 111/23, 171/24, 224/24 и 40/25) и
- Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25).

Основа за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија, за подземен кабелски 10(20)кВ Вод за приклучок на Фец Еко Фотоволтаик до столбно место од постоечки надземен 10(20)кВ вод, КО Кучичино, Општина Чешиново – Облешево, треба да бидат Услови за планирање на просторот од Агенција за планирање на просторот со технички броеви Y28624 од јули 2024 и Решение за Услови за планирање на просторот издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање со број УП1-15 1443/2024 од 05.11.2024 година.

Дел од проектниот опфат исто така е опфатен со Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (Е-1.13) - Фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште со моќност до 1MW на дел од КП 1620, дел од КП 1621, КП 1626, КП 1627, КП 1628, КП 1629 и КП 1630 и за изведба на подземен нисконапонски кабел (10/20 kV) до најблиска приклучна трафостаница - КО Кучичино, Општина Чешиново – Облешево и издадени Услови за планирање на просторот за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс, (производство на блокови и цигли од печена глина), на (КП 2080/1, 2080/2, 2080/3, 2080/4, 2080/5, 2080/7) КО Кучичино, во локалитет „Долна Лака", Општина Чешиново-Облешево, за кои е издадено Решение од Министерство за животна средина и просторно планирање со бр. УП15 7344/4 од 21.10.2011 година.

Исто така проектниот опфат се сече со траса на издадени Услови за планирање на поросторот со тех.бр:

- Y34810 – ПИ за изградба на регионален пат Р-609, делница Аргулица – Теранце – Видовиште;
- Y33510 – ПИ за изградба на автопат на делница (граничен премин со Република Бугарија – Црна Скала), Делчево – Виница – Кочани – Штип – Велес.

Проектниот опфат содржи елементи од различни урбанистички проекти, односно урбанистички проект вон опфат на урбанистички план и урбанистички проект за инфраструктура кој се изработува за промена и надградувања на инфраструктурите утврдени со важечки урбанистички проект, оттаму согласно член 1 од Изменувањето и дополнувањето на Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ", број 104/22), овој урбанистичкиот проект ќе се изработува како еден и како таков се потврдува во една постапка согласно член 62 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ", број 32/20). Предметниот проектен опфат содржи елементи од урбанистички проект вон опфат на урбанистички план, па за негова изработка и одобрување ќе се применуваат и одредбите за урбанистички проект од член 58 став (6) од Законот за урбанистичко планирање. Предмет на планирање е 10(20)кВ среднонапонски подземен електричен вод.

Намената е дефинирана согласно класификацијата на намени од член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25), а усогласена со член 57 став 2 од Закон за градење (Службен весник на Р.М. бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.244/19, 18/20, 279/20, 227/22, 111/23, 224/24), Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија. Намената се однесува за 10(20)кВ среднонапонски подземен електричен вод.

Со одобрувањето на предметниот Урбанистички проект ќе се предизвикаат позитивни импулси и ефекти врз целокупното непосредно опкружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, како и економски ефекти манифестирани преку привлекување на нова работна сила.

Сите поединечни елементи на урбанистичко-проектната документација ќе содржат текстуален дел со нумерички показатели за постојната и планираната состојба како и соодветен број на графички прилози.

2.1.11. ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ИНФРАСТРУКТУРАТА

Со Урбанистичкиот проект потребно е да се обезбеди квалитетна комунална инфраструктура за предметниот простор.

Внатрешните инфраструктурни водови ќе бидат предмет на оваа урбанистичко-проектна документација и ќе бидат дефинирани трасите на основните инфраструктурни водови, за кои е пожелно е да се водат подземно во јасно дефинирани инфраструктурни коридори, а согласно добиените податоци и информации од органите на државната управа и други субјекти.

Доколку при изведување на земјаните работи за поставување на објектот, се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културна историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл.весник на Република Северна Македонија бр. 20/04,115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19), односно веднаш да се запре со отпочнати градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културно наследство во смисла на член 129 од Законот.

Од аспект на одржив степен на сеизмичка заштита, при изградба на објектите да се изврши геомеханичко испитување на носивоста на земјиштето, каде ќе се постават објектите.

Нарачател/ Барател на УП

ЕКО ФОТОВОЛТАИК ДООЕЛ
Кочани

Управител

Панче Андов

3.1.2. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА СНИМЕН ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И ИНФРАСТРУКТУРА ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Податоците на инвентаризација на снимен изграден градежен фонд, вкупна физичка супраструктура и инфраструктура во рамки на проектниот опфат се дел од текстуалниот дел на документационата основа на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија, за подземен кабелски 10(20)кВ Вод за приклучок на Фец Еко Фотоволтаик до столбно место од постоечки надземен 10(20)кВ вод, КО Кучичино, Општина Чешиново – Облешево, согласно член 62 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25).

3.1.3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

3.1.3.1 ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија, за подземен кабелски 10(20)кВ Вод за приклучок на Фец Еко Фотоволтаик до столбно место од постоечки надземен 10(20)кВ вод, КО Кучичино, Општина Чешиново – Облешево, обезбедува уредување на намената и начинот на користење на просторот како и условите за градење на градби во рамки на опфатот, што кореспондира со основните определби на Просторниот план на Република Македонија за урбанизација и рационално уредување на просторот и одржлив развој, дефинирање на наменска употреба на земјитето и пропратни содржини, како и заштита и унапредување на животната средина и културното наследство, а пред се почитувајќи ја важечката законска регулатива во планирањето и уредувањето на просторот.

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија, за подземен кабелски 10(20)кВ Вод за приклучок на Фец Еко Фотоволтаик до столбно место од постоечки надземен 10(20)кВ вод, КО Кучичино, Општина Чешиново – Облешево се изработува врз основа на Услови за планирање на просторот од Агенција за планирање на просторот со технички броеви Y28624 од јули 2024 и Решение за Услови за планирање на просторот издадено од Министерство за животна средина и просторно планирање со број УП1-15 1443/2024 од 05.11.2024 година.

Дел од проектниот опфат исто така е опфатен со Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани (Е-1.13) - Фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се градат на земјиште со моќност до 1MW на дел од КП 1620, дел од КП 1621, КП 1626, КП 1627, КП 1628, КП 1629 и КП 1630 и за изведба на подземен нисконапонски кабел (10/20 kV) до најблиска приклучна трафостаница - КО Кучичино, Општина Чешиново – Облешево и издадени Услови за планирање на просторот за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс, (производство на блокови и цигли од печена глина), на (КП 2080/1, 2080/2, 2080/3, 2080/4, 2080/5, 2080/7) КО Кучичино, во локалитет „Долна Лака", Општина Чешиново-Облешево, за кои е издадено

Решение од Министерство за животна средина и просторно планирање со бр. УП15 7344/4 од 21.10.2011 година.

Исто така проектниот опфат се сече со траса на издадени Услови за планирање на поросторот со тех.бр:

- Y34810 – ПИ за изградба на регионален пат Р-609, делница Аргулица – Теранце – Видовиште;
- Y33510 – ПИ за изградба на автопат на делница (граничен премин со Република Бугарија – Црна Скала), Делчево – Виница – Кочани – Штип – Велес.

Просторот кој е предмет на изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија, за подземен кабелски 10(20)кВ Вод за приклучок на Фец Еко Фотоволтаик до столбно место од постоечки надземен 10(20)кВ вод, КО Кучичино, Општина Чешиново – Облешево, зафаќа површина од **3425 m² или 0,34 ha**.

Предмет на изработка е планирање на нов 10(20)kV среднонапонски подземен кабелски вод за приклучок на Фец Еко Фотоволтаик до столбно место од постоечки надземен 10(20)кВ вод, КО Кучичино, чија траса е во должина од L= 1712m.

Новопланираниот среднонапонски кабелски вод се планира да се изгради во КО Кучичино , Општина Чешиново - Облешево. Почетна точка на кабловскиот вод е армирано-бетонски затезен столб од постојниот 10 kV надземен извод " Брегалница", сместен во парцелата КП 2080/5, КО Кучичино. Кабелската траса завршува на КП 1621, КО Кучичино.

Површината на проектниот опфат е 3425 m² или 0,34 ha, со поединечна класа на намена на земјиштето и градбите **Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија – 10(20)кВ среднонапонски подземен електричен вод.**

Биланси показатели

Споредбени биланси показатели

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ		
БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ-Постојна состојба		
НАМЕНА	Површина m2	Проценат %
Сообраќајна површина	1600	46,72%
Неизградено земјиште	1825	53,28%
ВКУПНО	**3425**	100,00%
БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ-Планирана состојба		
НАМЕНА	Површина m2	Проценат %
Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија	3425	100,00%
ВКУПНО	**3425**	100,00%

3.1.3.2 СООБРАЌАЈНА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Сообраќајна инфраструктура

На премини преку улица, пат, патеки, како и на сите оние места каде се очекуваат поголеми механички напрегања, каблите исклучиво се полагат во кабловска канализација.

Делот каде кабелот се води подолж и попречно преминува кај **регионален пат Р2334 – Делница (Кучичино – Теранци)** , согласно дадениот цртеж во Идејниот проект како дел од оваа документација.

Поставување на подземен електричен 10(20)кВ среднонапонски подземен електричен вод за приклучок на ФВЕ ЕКО Фотоволтаик до столбно место од постоечки надземен 10(20)кВ, КО Кучилино, со подолжно водење покрај регионален пат Р2334 од км.20+700 до км.20+120 и стационажа км.20+450 под Р2334 со дупчење на стационажа км.20+120 и стационажа км.20+450.

Подолжно водење покрај регионален пат Р2334 ид км.20+700 до км.20+910, L=210m (лево).

Стационажа на попречен премин: Регионален пат Р2334, км.20+120; Делница: Кучичино-Теранци.

Стационажа на попречен премин: Регионален пат Р2334, км.20+450; Делница: Кучичино-Теранци.

Проектниот опфат зафаќа дел од асфалтиран пат и улица од село Кучичино, оттаму со поставување на планираниот 10(20)кВ среднонапонски подземен електричен вод, постојниот асфалтен пат и целата траса ќе биде вратена во првобитна состојба, а сите трошоци околу санацијата на трасата ќе бидат на товар на инвеститорот.

Нивелетско решение

Не се планира во рамките на проектниот опфат.

3.1.3.3 ВОДОВИ И ИНСТАЛАЦИИ НА ИНФРАСТРУКТУРИТЕ

Инфраструктура сообракај

Низ проектниот опфат минува регионален Р2334 - КУЧИЧИНО - ТЕРАНЦИ, кој е во надлежност на Јавно претпријатие за државни патишта.

Водоводна и канализациона инсталација

Согласно податоците и информациите од АД Водостопанство-Скопје со бр.11-2622/3 од 02.01.2025, за предметниот проектен опфат нема инсталации на водовод и канализација.

Електрични инсталации

Од дописот од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ со бр. Бр. 10-23/4-506 од 20.09.2024, утврдено е дека низ проектниот опфат поминува електрична инсталација.

Согласно дописот од МЕПСО со бр.11-6277/1 од 01.10.2024, проектниот опфат не се пресекув со ЕЕ Објекти во сопственост на АД МЕПСО.

Телефонски инсталации

Согласно податоците и информациите од Македонски Телеком АД-Скопје со бр.64963 од 13.09.2024, во проектниот опфат има постојна МКТ инфраструктура.

Гасовод

Согласно податоците и информациите од НОМАГАС Скопје со бр.08-4376/2 од 13.09.2024, во проектниот опфат нема изградено ниту планирано гасоводна мрежа.

3.1.4. ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ

3.1.4.1 Одредбите за уредување на просторот и графичките прилози се составен дел на Урбанистичкиот проект и имаат дејство само врз градителската активност која ќе следи по одобрување на урбанистичкиот проект.

3.1.4.2 Изградбата на нови објекти, изградбата на комуналните објекти и инсталации како и вкупното просторно уредување на предметниот локалитет треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие параметри што се составен дел на документацијата.

3.1.4.3 Условите се применуваат во рамките на утврдената граница на проектниот опфат.

3.1.4.4 Содржината во текстуалниот и графичкиот дел од овој план преставува солидна основа за спроведувањето на проектот.

3.1.4.5 Проектниот опфат опфаќа дел од КП 1621/1, КП 1621/2, КП 2080/5, КП 3102, КП 3106, КП 3107, КП 3296, КП 3673, КП 3765, КП 3766, КП 3769, КП 3771 и КП 3772/1, КО Кучичино.

3.1.4.6 Урбанистичкиот проект содржи и проектен дел, во кој е даден идеен проект.

3.1.4.7 Според Урбанистичкиот проект просторот е предвиден да биде со намена:

Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија – 10(20)кВ среднонапонски подземен електричен вод.

3.1.4.8 Поставување на подземен електричен 10(20)кВ среднонапонски подземен електричен вод за приклучок на ФВЕ ЕКО Фотоволтаик до столбно место од постоечки надземен 10(20)кВ, КО Кучилино, со подолжно водење покрај регионален пат Р2334 од км.20+700 до км.20+120 и стационажа км.20+450 под Р2334 со дупчење на стационажа км.20+120 и стационажа км.20+450.

Подолжно водење покрај регионален пат Р2334 ид км.20+700 до км.20+910, L=210m (лево).

Стационажа на попречен премин: Регионален пат Р2334, км.20+120; Делница: Кучичино-Теранци.

Стационажа на попречен премин: Регионален пат Р2334, км.20+450; Делница: Кучичино-Теранци.

3.1.4.9 Проектниот опфат зафаќа дел од асфалтиран пат и улица од село Кучичино, оттаму со поставување на планираниот 10(20)кВ среднонапонски подземен електричен вод, постојниот асфалтен пат и целата траса ќе биде вратена во првобитна состојба, а сите трошоци околу санацијата на трасата ќе бидат на товар на инвеститорот.

3.1.4.10 Рекламите и огласите не смеат да му пречат на нормалното одвивање на сообраќајот, да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските објекти и групации ниту да пречат на објектите поставени во јавен интерес како јавно осветлување, градски часовници, табли со имиња на улиците и сл.

3.1.4.11 Комуналниот отпад – сметот ќе се одлага во контејнери лоцирани на погодни места во рамките на проектниот опфат, од каде ѓубрето ќе се евакуира во регионална односно општинска депонија.

3.1.4.12 Доколку при реализација на Урбанистичкиот проект се појави археолошко наоѓалиште, да се постапи во согласност со одредбите на член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

Новопланираниот среднонапонски кабелски вод се планира да се изгради во КО Кучичино, Општина Чешиново - Облешево. Почетна точка на кабловскиот вод е армирано-бетонски затезен столб од постојниот 10 kV надземен извод " Брегалница", сместен во парцелата КП 2080/5, КО Кучичино. Кабелската траса завршува на КП 1621, КО Кучичино.
Проектното решение на овој Урбанистички проект е основа за понатамошна изработка на основни проекти за градби. Со урбанистичкото решение овозможена е етапна реализација, со можност за изработка на поединечни основни проекти.

Површината на проектниот опфат е **3425 m² или 0,34 ha**,

Наменската употреба во проектниот опфат на земјиштето може да се претстави табеларно на следниов начин:

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ-Планирана состојба		
НАМЕНА	Површина m2	Проецент%
Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија	3425	100,00%
ВКУПНО	**3425**	100,00%

3.1.5. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

Законската регулатива врз основа на која се уредува проектниот опфат, од аспект на заштита и која е потребно да се примени при изработка на урбанистичкиот проект е следна:

- Закон за урбано зеленило („Службен весник на Република Македонија" број 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 42/20);
- Закон за животната средина („Службен весник на Република Македонија" број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/1, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 89/22);
- Закон за заштита на природата („Службен весник на Република Македонија" број 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 151/21);
- Закон за квалитетот на амбиентниот воздух („Службен весник на Република Македонија" број 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 10/15 и 146/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 151/21);
- Законот за управување со отпадот („Службен весник на Република Северна Македонија" број 216/21);
- Закон за заштита од бучава во животната средина („Службен весник на Република Македонија" број 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 151/21);
- Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 215/21);
- Закон за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија", број 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 152/19);
- Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи („Службен весник на Република Северна Македонија" број 231/20);
- Закон за водите („Службен весник на Република Македонија" број 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 151/21);
- Уредбата за класификација на површинските води („Службен весник на Република Македонија" број 99/16, 246/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 276/19 и 256/21);
- Уредба за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води („Службен весник на Република Македонија" број, 18/99 и 71/99);
- Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23 и 7/25);
- Закон за градење („Службен весник на Република Македонија" број 130/2009,124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на РепубликаСеверна Македонија" број 244/19, 18/20, 279/20 и 227/22);

и други законски и подзаконски акти.

3.1.5.1 МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Право и должност е на Република Северна Македонија, општината, како и на сите правни и физички лица, да обезбедат услови за заштита и за унапредување на животната средина, заради остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина, а тоа е регулирано со Закон за животна средина („Службен весник на Република Македонија" број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14 ,44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18).

Цели на овој Закон се:

-зачувување, заштита, обновување и унапредување на квалитетот на животната средина;
-заштита на животот и на здравјето на луѓето;
-заштита на биолошката разновидност;
-рационално и одржливо користење на природните богатства и
-спроведување и унапредување на мерките за решавање на регионалните и на глобалните проблеми на животната средина.

Секој е должен при преземањето активности или при вршење на дејности да обезбеди висок степен на заштита на животната средина и на животот и здравјето на луѓето.

Заштита и унапредување на животната средина е систем на мерки и активности (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и други) со кои се обезбедува поддршка и создавање на услови за заштита од загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и одделните области на животната средина.

Државата формира мрежа за мониторинг, што се состои од мониторинг на медиумите (водата, воздухот и почвата) и областите на животната средина.

Целокупната активност во оваа област ќе се насочува кон обезбедување на непречен просторен развој, при едновремена заштита на квалитетна, здрава и хумана средина за живеење и работа.

Мерките за заштита и унапредување на квалитетот на средината ќе бидат вградени во создавањето на концептот на просторната оранизација на урбаниот опфат.

3.1.5.1.1 Мерки за заштита на воздухот

Државниот мониторинг систем за квалитет на амбиентниот воздух, се состои од 15 мониторинг станици, од кои три се лоцирани во Скопје, а останатите во другите градови низ Републиката. Во фазата на изградба на предвидените содржини, можно е да се појават одредени локални и краткорочни влијанија врз квалитетот на амбиентниот воздух. Во оваа фаза, мерките за заштита генерално треба да се фокусираат на техничко ниво, преку примена на незагадувачки и одржливи градежни суровини, помошни материјали, и гориво за механизацијата, како и повторна употреба на отпадните материјали. При проектирање и реализација на сите објекти да се имплементираат принципите на енергетска ефикасност, да се предвидат мерки и активности за зголемено искористување на обновливите извори на енергија, пред се сончевата преку поставување на сончеви колектори, како и да се предвиди соодветно заштитно зеленило (пред се околу сообраќајниците). При избор на вегетацијата да се даде приоритет на видовите (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет на загадувачки материи. За сите објекти и инсталации кои се во фаза на проектирање, изградба, реконструкција или експлоатација, задолжително е почитување на пропишаните гранични вредности за емисија на отпадни гасови и пареи. Исто така, задолжително е почитување на пропишаните гранични вредности за емисија на загадувачки супстанции од подвижни извори на загадување.

3.1.5.1.2 Мерки за заштита на водите

Секое дејствие или активност со кое се загадуваат водите или се испуштаат отпадни води или непреземање на дејствие, со кое се овозможува загадување на водите или испуштање на отпадни води е забрането согласно Законот за водите („Службен весник на Република Македонија" број 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16).

Согласно дописот од Министерството за животна средина и просторно планирање утврдено е дека предметната локација е надвор од границите на заштитените подрачја, притоа поминува преку две повремен водени текови. Локацијата на предметната инфраструктура не е во рамки на предвидените акомулации согласно Водостопанска основа од Просториот План на Република Македонија 2002-2020, за истата не ни се достапни соодветни гео-просторни податоци за заштитни зони за водени тела наменети за консумирање од страна на човекот.

Во согласност со Законот за води (Сл. Весник на Република Македонија бр. 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16), треба да бидат исполнети следните критериуми за заштита, одржување и уредување на површинските води и крајбрежните земјишта:

6. Заради заштита и одржување на природните и уредените речни корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите, забрането е, освен со дозвола или согласност изградба на постројки и објекти во заштитениот крајбрежен појас во широчина од 50 метри зад линијата на допирањето на педесетгодишната вода кај нерегулираните водотеци, односно зад ножицата на насипот кај регулираните водотеци и кај езеро и акумулации, во ширина од 50 метра од линијата на највисокиот утврден водостој.
7. Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци, езерата~ и акумулациите се забранува освен со дозвола или согласност издадена врз основа на закон:

   - да се менува правецот на водотекот;
   - да се врши градба или зафат кои што би имале негативно влијание врз протокот на водотекот;
   - да се градат напречни насипи, прегради, други објекти и насади во коритата на водотеците кои го влошуваат режимот на течението на водите;
   - да се сечат дрвја, грмушки и друга вегетација во речните корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите;
   - да се вади чакал, песок и камен од корита и бреговите на површински водни тела за да не дојде до влошување на постојниот режим на водите и се предизвикуваат процеси на ерозија или оневозможува користењето на водите;
   - да се изгради брана, насип или слична препрека која би имала негативно влијание на протокот на водотекот;

- да се фрлат отпаден материјал (комунален, индустриски и др.), земја, градежен шут, јаловина и слично;
- да се вршат други активности со кои се оштетуваат речните корита и бреговите на водотеците, езерата и акумулациите.

3. Заради заштита и спречување на оштетување на водостопански објекти и постројки, се забранува да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се оштетуваат објектите постројките.
4. Да се спроведат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и загадувачки материи и супстанции.
5. Пристапот до крајбрежниот појас на водотеците, езерата и акумулациите за спорт, рекреација и слични активности потребно е да биде слободен.

Во предметниот проектен опфат трасата на планираниот подземен кабел се вкрстува со водостопанска инфраструктура со која стопанисува АД Водостопанство на РСМ.

Во планскиот опфат има АЦЦ цевководи кои се дел од цевководната мрежа за наводнување од левиот магистрален канал за наводнување. Цевководот е обележан со ознака SDV42, SDV41 и SDV40.

На просторот над цевководот не треба да има никакви објекти и инфраструктурни градби.

Потребно е да се почитува планираниот заштитен простор на цевководите (поради одржување на истиот) со ширина од по 3м од левата и десната страна (вкупно 6м) од осовината на цевководот.

3.1.5.1.3 Мерки за заштита на почвата

При изградбата на предвидените содржини во проектниот опфат да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности. За време на градежните активности потребно е да се врши контролирано и внимателно отстранување на површинскиот слој од почвата, ре-употреба на вишокот земјен материјал од ископите, организирано управување со отпадот. Исто така потребно е да се обезбеди вегетациски покривач на почвата околу новоизградените содржини. Со плановите за хортикултура да се утврдат исклучиво декоративни насади.

Со имплементација на предвидените мерки за управување со отпадот, отпадните води, масти, масла, горива, како и со доследно почитување на законската регулатива, ќе се спречи или намали ризикот од загадување на почвата.

3.1.5.1.4 Мерки за заштита од бучава

Во насока на минимизирање на бучавата се препорачува употреба на современа механизација во периодот на изградба на предвидените објекти во проектниот опфат и

примена на висококвалитетни изолациски материјали. Изведувачите треба да ги почитуваат роковите за градба дадени од надлежниот орган, правилна организација на градежните активности и почитување на работното време, со цел намалување на вкупното време за градежни активности. Работното време и правила да се воспостават врз основа на потребите за намалување на бучавата. Дополнително, како мерка за контрола и мониторинг на бучавата, потребно е имплементирање на одредбите од Законот за заштита од бучава во животна средина („Службен весник на Република Македонија" број 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15), преку подготовка на стратешка карта за бучава и класификација на територијата на општината според степенот на заштита од бучава.

3.1.5.1.5 Мерки за управување со отпадот

Создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. Во фазата на изградба неопходно е воспоставување на ефикасен систем за правилно управување со сите видови и количества на отпад што ќе се создадат. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија. После соодветниот третман отпадот да се одложи со контролиран транспортен систем на постојната депонија. Создавачот и/или имателот на отпадни материи и емисии ќе ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

3.1.5.1.6 Мерки за заштита на биодиверзитетот

Основен услов за намалување на влијанијата врз флората и фауната е примената на предвидените мерки за правилно управување со просторот, воздухот, водите, почвата, нивоата на бучава и отпадот. При реализација на активностите на терен да се избегне прекумерно искористување или губење на биолошките ресурси и модификација и фрагментација на природните живеалишта, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на екосистемите на анализираното подрачје.

3.1.5.2 МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 215/21) и Закон за пожарникарството (Службен весник на Република Македонија, број 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 152/19), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување. Заштитата и спасувањето е работа од јавен интерес за Републиката. Системот за заштита и спасување го организираат и спроведуваат државните органи, органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи и служби, трговски друштва, здруженија на граѓани, граѓаните и силите за заштита и спасување на начин уреден со Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 215/21) и Закон за пожарникарството (Службен весник на Република Македонија, број

67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 152/19), како и Уредбата за спроведување на заштита и спасување од пожари („Службен весник на Република Северна Македонија" број 98/05), Уредбата за спроведување и спасување од урнатини („Службен весник на Република Северна Македонија" број 98/05) и Уредбата за начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на градбите, како и учество во техничкиот преглед („Службен весник на Република Северна Македонија" број 105/05).

Системот за заштита и спасување се остварува преку:

- Набљудување, откривање, следење и проучување на можните опасности;
- Ублажување и спречување на настанување на можните опасности;
- Известување и предупредување за можните опасности и давање упатства за заштита, спасување и помош;
- Едукација и оспособување за заштита, спасување и помош;
- Организирање на силите за заштита и спасување и воспоставување и одржување на другите форми на подготвеност за заштита, спасување и помош;
- Самозаштита, самопомош и заемна помош;
- Мобилизација и активирање на силите и средстата за заштита и спасување;
- Одредување и изведување на заштитните мерки;
- Спасување и помош;
- Отстранување на последиците од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи, до обезбедување на основните услови за живот;
- Надзор на спроведувањето на заштитата и спасувањето;
- Давање на помош на подрачјата кои претрпеле штети од поголеми размери од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи, а кои искажале потреба за тоа и Примање помош од други држави.

Заради организирано спроведување на заштита и спасување, учесниците во системот за заштита и спасување, донесуваат План за заштита и спасување од природни непогоди, епидемии, епизоотии, епифитотии и други несреќи. Планот се изработува врз основа на Процена на загрозеност од природни непогоди, епизоотии, епифитотии и други несреќи. Планот за заштита и спасување содржи превентивни и оперативни мерки, активности и постапки за заштита и спасување. Планот го донесува Советот на Општината. Согласно член 51 и член 53 од горенаведениот Закон за заштита и спасување мерките за заштита и спасување се остварууваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен карактер, кои ги подготвува и спроведува Републиката преку органите на државната управа во областа за кои се основани. Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да ја предвидат и планираат организацијата на спроведувањето на мерките за заштита и спасување и да спроведат мерки кои се во функција на превенцијата. Во функција на превенција се следните мерки и активности:

1. Изработка на Процена на загрозеност за можни опасности и План за заштита и спасување од проценетите опасности.
2. Вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа
3. Уредување на просторот и изградба на објекти, во функција на заштита и спасување
4. Воспоставување на организација и систем потребни за заштита и спасување
5. Обезбедување на материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот, во плановите како и при изградба на градбите и инфраструктурата согласно член 53 од претходно наведениот Закон за заштита и

спасување како и согласно Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирање и уредување на просторот и населбите, во проектите и изградба на објектите (Сл.весник на Република Северна Македонија бр.105/05), како и учество во техничкиот преглед. Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:
- При планирањето и уредувањето на просторот и населбите
- Во проекти за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај,црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност и
- При изградба на објект и инфрастурктура.

Согласно член 54 од Закон за заштита и спасување (Сл.весник на Република Северна Македонија бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16 и 106/16), а во функција на уредување на просторот задолжително се обезбедува: Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:
- Изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства
- Регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи
- Изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините
- Озбебедување на противпожарни пречки
- Изградба на градби за заштита и
- Изградба на потребната инфрастурктура

Согласно член 61 од Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 215/21) се предвидуваат:

3.1.5.2.1 Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

При изработка на Основен проект за патот, треба да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 215/21), Закон за пожарникарството (Службен весник на Република Македонија, број 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 152/19) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

3.1.5.2.2 Заштита и спасување од урнатини

Заштитата од урнатини, како превентивна мерка, се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбите и изградбата на објектите. Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците. При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини. Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на РСМ, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

3.1.5.2.3 Заштита и спасување од поплави, уривање на брани и други атмосферски непогоди

При изработка на планско-проектната документација да се предвидат и пропишат мерките за заштита од поплави, уривање на брани и други атмосверски непогоди

согласно Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 215/21) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

3.1.5.2.4 Заштита и спасување од свлекување на земјиштето

При изработка на планско-проектната документација, со оглед на конфигурацијата на теренот, претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, доколку е потребно да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидролошки испитувања. Согласно Проценатa на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на опфатот за кој се однесува урбанистичкиот план, а имајќи ги предвид одредбите од Законот за заштита и спасување-пречистен текст („Службен весник на Република Северна Македонија" број 93/12), може да се вградат и други мерки за заштита и спасување. Исто така, при проектирањето, да се имаат предвид одредбите од Правилникот за мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи („Службен весник на Република Северна Македонија" број 32/11), како и обврската при изградба на објекти да се изготвува техничка документација – елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи кој е дел од процесот за добивање на одобрение за градење.

3.1.5.2.5 Радиолошка, хемиска, биолошка заштита и заштита од техничко-технолошки катастрофи

Согласно член 87 од Законот за заштита и спасување, радиолошка, хемиска и биолошка заштита опфаќа мерки и средства за навремено откривање, следење и контрола на опасностите и последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошко, хемиско и биолошко оружје, преземање на мерки за заштита и отстранување на последиците од нив.

Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средства, како и сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се намените за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на животни, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги извршуваат пропишаните мерки за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Планирањето и подготвувањето на активностите за спроведување на мерката радиолошка, хемиска и биолошка заштита се врши од страна на органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, установи, служби и трговски друштва.

3.1.5.2.6 Засолнување

Согласно член 62 од Законот за заштита и спасување, засолнувањето опфаќа планирање, изградба и користење на јавните засолништа, одржување и користење на изградените засолништа и на другите заштитни објекти за заштита на населението, материјални добра и културното наследство во Републиката. Јавните засолништа се планираат согласно со програмата на Владата за мерките за заштита и спасување и

програмата на единицата на локалната самоуправа Свети Николе за мерките за заштита и спасување и истите се вградени во урбанистичките планови. Начинот на изградба на јавните засолништа и одржувањето и користењето на веќе изградените засолништа и другите заштитни објекти и определување на потребниот број на засолнишни места со Уредба се утврдува од Владата („Службен весник на Република Македонија" број 80/05). Организација и спроведувањето на засолнувањето е определено со Уредбата за спроведување на засолнувањето („Службен весник на Република Македонија" број 93/05). Обврска за планирање, подготвување на активности за спроведување и спроведување на засолнувањето имаат органите на државната управа, органите на општините, јавните претпријатија, установите и службите и трговските друштва.

3.1.5.2.7 Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства

Согласно Законот за заштита и спасување, заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање, пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот. Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови. Поради ова при преземање на активности за градба на објектите потребно е теренот да се испита. Стандардните оперативни процедури за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот за Дирекција за заштита и спасување.

3.1.5.2.8 Спасување од сообраќајни несреќи

Во рамките на самиот комплекс не се очекува голем обем на сообраќај. Оттаму, можноста за сообраќајни несреќи е минимална.

3.1.5.2.9 Евакуација

Согласно член 84 и 85 од Законот за заштита и спасување, со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано пресметување на населението, материјалните и културните добра на Републиката, од загрозените во побезбедните подрачја. Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат ефектите од природни непогоди и други несреќи.

3.1.5.2.10 Згрижување на загрозеното и настраданото население

Згрижување на настрадано и загрозено население е предвидено огласно член 86 од Законот за заштита и спасување. Згрижувањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основните услови за живот на настраданото и загрозеното население.

3.1.5.2.11 Прва медицинска помош

Прва медицинска помош согласно член 88 од Законот за заштита, опфаќа преземање на хигиено – епидемиолошки мерки, укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето-заболувањето,

медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи.

Потребната организација за спроведување на прва медицинска помош се утврдува во плановите за заштита и спасување.

Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош зависи од оддалеченоста на најблиската болница или поликлиника, која за овој проектен опфат во реонот би требало да изнесува од 5 до 10 мин.

3.1.5.2.12 Мерки за заштита од пожар на објектите

Сообраќајниот систем во проектниот опфат се состои од сообраќајница која овозможува лесен пристап на противпожарните возила до градбите. При конципирање на сообраќајот планирано е несметано движење на пожарните возила.

Сообраќајницата и пристапите планирани се така да овозможуваат несметан пристап за пожарни возила со доволна широчина на пристапот, за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето.

Ивичњаците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7,0см. и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до градбите. Со планирање на хидрантската мрежа задоволени се сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар, согласно Закон за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија", број 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 152/19).

Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 215/21).

При реализација на Урбанистичкиот проект да се почитуваат мерките од Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 215/21).

3.1.5.2.13 Заштита од природни непогоди

При реализација на Урбанистичкиот проект, согласно членовите 13,14,34 и 35 мора да се почитуваат мерките од Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 215/21) и Закон за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија", број 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 152/19).

3.1.5.3 МЕРКИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПРИСТАПНОСТ НА ЛИЦА СО ИНВАЛИДНОСТ

Домовањето, мобилноста и пристапноста се основни предуслови за спроведување на сите активности во секојдневното живеење на лицата со инвалидност и нивното вклучување во заедницата. За сите овие подрачја се воочува потребата за развој на стандардите. Потребно е во сегментот на пристапноста да се градат собраќајници со спуштени рабници.

Во периодот на спроведување на Стратегијата, една од најважните задачи треба да биде промовирањето на „Универзалниот дизајн". „Универзалниот дизајн" означува оформување на производите, опкружувањето, програмите и услугите, на начин да може да ги користат сите луѓе во најголема можна мера, без потреба од приспособување или посебно оформување.

- Да се воспостави опкружување пристапно за лицата со инвалидност со примената на начелата на универзалниот дизајн избегнувајќи на тој начин создавање на нови пречки ;
- Да се овозможи достапност на превозот за сите лица со инвалидност;
- Да се развијат едукациски програми врзани со примената на Универзалниот дизајн;
- Да се обезбеди пристап до информациите и комуникациите за сите лица со инвалидност;
- Да се обезбеди примена на современите технологии;

3.1.5.4 МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Доколку при реализација на урбанистичкиот проект се појави археолошко наоѓалиште треба да се постапи во согласност со одредбите од Член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

(1). Ако во текот на изведувањето на градежни, земјоделски или други работи се дојде до археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошкото значење, изведувачот на работите е должен:

1. Да го пријави откритието во мисла на членот 129 став (2) на овој закон;

2. Да ги запре работите и да го обезбеди наоѓалиштето од евентуално оштетување и уништување, како и од неовластен пристап и

3. Да ги зачува откриените предмети на местото и во состојбата во која се најдени. (2). По исклучок од ставот (1) на овој член, ако предметите се ископани, односно извадени заради нивна подобра заштита или со оглед на околностите, изведувачот на работите е должен:

1. Да ги предаде откриените предмети при нивното пријавување или тоа да го направи при идентификацијата во смисла на членот 66 на овој закон, а до предавањето да превземеме мерки кои се нужни за да не пропаднат и да не се оштетат или да се отуѓат и

2. Да ги даде сите релевантни податоци во врска со местото и положбата на предметите во времето на откривањето и за околностите под кои тоа е направено.

Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост

ул. Булевар Свети Климент Охридски бр.54, Скопје,
поштенски фах: 583
тел. 02 6090-137, 02 3118 555
e-mail: contact@nomagas.com.mk
www.nomagas.com.mk
ЕМБС: 7649401

Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, Shoqëria Aksionare për ushtrimin e veprimtarisë energjetike përçimi i gazit natyror NOMAGAS Shkup në pronësi shtetërore

Бр.-Nr. 08-2661/2
12.02.2025 год.viti.
Скопје-Shkup

До: **Општина ЧЕШИНОВО - ОБЛЕШЕВО**

Предмет: **Одговор на барање**

Врска: **Барање мислење,** ваш бр. 22-378/2 од 11.02.2025 година

Согласно вашето Барање мислење, ваш бр. 22-378/2 од 11.02.2025 година, за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија, за подземен кабелски 10(20)кВ Вод за приклучок на Фец Еко Фотоволтаик до столбно место од постоечки надземен 10(20)кВ вод, КО Кучичино, Општина Чешиново – Облешево.

НОМАГАС АД Скопје ве известува дека дава **позитивно** мислење

Со почит,

Изготвил:
Анита Тевдовска дипл.инж.арх.

Постапка:
68691

НОМАГАС АД Скопје
По овластување на директорот,
Раководител на Сектор
за изградба на гасоводен систем
Оливера Костанчева

ДО: **ОПШТИНА ЧЕШИНОВО ОБЛЕШЕВО**

Бр. 12-8/111

Скопје, 14.02.2025г.

ПРЕДМЕТ: Мислење

ВРСКА: Ваш бр. 22-378/2 од 11.02.2025 година
e-urbanizam, постапка бр.68691

Почитувани,

Врз основа на вашето барање Ве известуваме дека стручните служби на Агенцијата за цивилно воздухопловство ја разгледаа доставената техничка документација:

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија, за подземен кабелски 10(20)кВ Вод за приклучок на Фец Еко Фотоволтаик до столбно место од постоечки надземен 10(20)кВ вод, КО Кучичино, Општина Чешиново – Облешево

изработен од ТИМ ПРОЕКТ ДООЕЛ увоз-извоз Скопје со тех.бр. 20/24 од 02/2025 година,

при што констатирано е дека предметната траса е вон зона на било кој воздухопловен уред, а планираниот инфраструктурен објект не претставува препрека во воздухопловството и нема да влијае врз безбедноста на цивилниот воздушен сообраќај, врз основа на што издаваме ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ за изработената техничка документација, без посебни услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

Мислењето се издава врз основа на чл.47 од Законот за урбанистичко планирање (“Сл.весник на РСМ“ бр.32/20)

За дополнителни информации може да не контактирате на телефон 02/3181-609, секој работен ден од 7.30-15.30 часот.

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

Билјана Јованова
Раководител на Одделение за аеродромска инфраструктура
(по овластување од Директорот бр.02-1730/3 од 28.12.2023 година)

Biljana Jovanova
Digitally signed by Biljana Jovanova
Date: 2025.02.14 09:57:20 +01'00'

ул. „Даме Груев” број 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
т.: + 389 (2) 3 114 046 т.: + 389 (2) 3 181 601
info@caa.gov.mk www.caa.gov.mk

СЕКТОР ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ, УПРАВУВАЊЕ, УНАПРЕДУВАЊЕ
И ПРОДАЖБА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

14.03. 2025

АРХИВСКИ БРОЈ: 40 – 2484/4

ДО: Општина Чешиново-Облешево

ПРЕДМЕТ: Мислење

Почитувани,

Во врска со вашето Барање за мислење под бр.22-378/2 од 11.02.2025 година, број на постапка 68691 во е-урбанизам за **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија, за подземен кабелски 10(20)КВ вод, КО Кучичино, Општина Чешиново-Облешево,** Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ве известува со следното:

Согласно член 6 од Законот за земјоделското земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.135/07, 18/11, 148/11, 95/12, 79/13, 87/13, 106/13, 164/13, 39/14, 130/14, 166/14, 72/15, 98/15, 154/15, 215/15, 7/16, 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19, 178/21, 91/23, 218/24 и 235/24), доколку при изработката и донесувањето на урбанистичките планови се зафаќаат нови земјоделски површини, донесувачот на урбанистичкиот план, до Министерството поднесува барање за давање мислење за пренамена на земјоделско во градежно земјиште согласно со членот 54 од Законот за урбанистичко планирање, преку информацискиот систем е-урбанизам.

Во согласност со став 2 од истиот член барателот преку информацискиот ситем е-урбанизам кон барањето за мислење ги достави следниве документи:
- Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија, за подземен кабелски 10(20)КВ вод, КО Кучичино, Општина Шешиново-Облешево, со тех.бр.20/24 од ТИМ Проект Скопје.

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанствона Република Северна Македонија
Ул. „Ленинова“ бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477 www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ MKC EN ISO 9001:2015

СЕКТОР ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ, УПРАВУВАЊЕ, УНАПРЕДУВАЊЕ
И ПРОДАЖБА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

-Геодетски елаборат со деловоден број 12/2024-5 изработен од Гео Карта Инженеринг дооел Кочани
- Скица на плански опфат со графички приказ за земјоделското земјиште кое е предмет на трајна пренамена и
- Список на индикации за катастарски парцели

Согласно доставената документација и увидот во истата констатирано е дека:

Предметното земјиште на КП 1621/1 и КП 1621/2, викано место Пороиште, катастарска култура гнз и нива, катастарска класа / и 3 со Имотен лист бр.740 за КО Кучичино се во приватна сопственост.
Г9.ж.Прибележување на факт дека на одредена КП бр. во тек е изведување на градба на КП 1621/1
Г9.з.Други факти чие прибележување е предвидено со закон: ЗАКУП

Предметното земјиште на КП 2080/5, 3102, 3106, 3107, 3296, 3673, 3765, 3766, 3769, 3771, 3772/1, викано место Долно Поле, Пороиште, Ливадиште, Средни Пат, Под Село, Село, катастарска култура гиз, гнз, зпо, зпз, улици, дол, катастарска класа / со Имотен лист бр.1 за КО Кучичино се во државна сопственост.

Според известувањето од ПЕ Кочани под арх.бр.67-62/1 од 18.02.2025 година за катастарските парцели 3102, 3106, 3107 и 3766, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство НЕМА склучено договор за закуп.

Катастарските парцели со катастарска култура ГНЗ, ГИЗ, УЛИЦИ, ЗПЗ и ЗПО не претставуваат земјоделско земјиште, Согласно законот за земјоделско земјиште, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство нема надлежност над предметните катастарски парцели.

Според Законот за земјоделско, под земјоделско земјиште се подразбира нива, градина, овоштарници, лозја, маслинарници, други долгогодишни насади, ливади, пасишта, мочуришта, трстици, рибници, нива под оранжерии, нива под помошни објекти, нива под објект за примарна обработка на земјоделски производи, како и земјиште во функција за потребите на користење на оранжериите, помошните објекти и објектите за примарна обработка на земјоделски производи, како и друго земјиште кое се користи или не се користи (необработливо земјиште), а кое со примена на агротехнички и агромелиоративни и хидромелиоративни мерки може да се оспособи за земјоделско производство.

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанствона Република Северна Македонија
Ул. „Ленинова" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477 www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ MKC EN ISO 9001:2015

СЕКТОР ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ, УПРАВУВАЊЕ, УНАПРЕДУВАЊЕ И ПРОДАЖБА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

Напоменуваме дека целите на овој закон се: - рационално користење на земјоделското земјиште како ограничен природен ресурс, - заштита на земјоделското земјиште и - обезбедување правна сигурност на сопствениците и корисниците на земјоделското земјиште.

Воедно укажуваме дека меѓу приоритетите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство е заштитата на земјоделското земјиште, а особено ограничување на трансформацијата на земјиштето од 1-4 катастарска класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Со почит,

МИНИСТЕР
Цветан Трипуновски

Изработил: Момчило Петровски
Контролирал: Розе Димовска
Согласен: Аднан Алии / Жанета Ѓоргиевска

Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанствона Република Северна Македонија
Ул. „Ленинова" бр. 2, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3134 477 www.mzsv.gov.mk
МКД СЕРТИФИКАТ MKC EN ISO 9001:2015

Република Северна Македонија
Министерство за култура
УПРАВА ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës
DREJTORIA PËR MBROJTJEN E TRASHËGIMISË KULTURORE

Бр. 17 – 804/2
21-02-2025 2025 година
Скопје

ДО
ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО
ул. Маршал Тито бб
2301 ОБЛЕШЕВО

Предмет: Мислење
Врска: Ваше барање бр.22-378/2 од 11.02.2025 година.

Управата за заштита на културното наследство, орган во состав на Министерството за култура, го разгледа Вашето барање за мислење за одобрување на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија, за подземен кабелски 10(20)kV вод за приклучок на ФЕЦ ЕКО Фотоволтаик до столбно место од постоечки надземен 10(20)kV вод, КО Кучичино, општина Чешиново-Облешево,** (тех.бр.20/24 од февруари, 2024г) изработен од Тим Проект дооел – Скопје.

Врз основа на доставената документација и во согласност со доставените податоци (акт бр.17 - 2217/4 од 02.10.2024 год.), Управата за заштита на културното наследство констатира дека потребните податоци од аспект на заштита на културното наследство во врска со член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија" бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 20/19) се вградени во планот.

Со оглед на тоа, од аспект на заштита на културното наследство, усвојувањето на планот може да продолжи.

Со почит,

в.д. Директор,
Весела Честоева

Изработил: З. Тодоровски
Проверил/Одобрил: м-р Б. Јовановска
19.02.2025г.

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
Бр. 10-24/2-58 од 05.03.2025
Скопје

Одговорно лице: Ѓорѓи Цветковски
Контакт телефон: 072/931-355

Предмет: Издавање на мислење за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис број 20/24 од 04.03.2025 година, со кој барате да дадеме мислење за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија, за подземен кабелски 10(20)кВ Вод за приклучок на Фец Еко Фотоволтаик до столбно место од постоечки надземен 10(20)кВ вод, КО Кучичино, Општина Чешиново – Облешево, Ве известуваме дека **немаме** забелешки за постојните и новопланираните електроенергетски објекти и инфраструктура и Ви даваме **ПОЗИТИВНО** мислење.

При планирање, согласно пресметките за потребната едновремена моќност на планираните објекти, според вид, намена и сл. препорачуваме да се предвидат нови маркици за трафостаници со определена, дефинирана градежна парцела.

Услов е кај сите вкрстувања и приближувања до електроенергетски објекти и инфраструктура, да се запазуваат законските прописи и работни норми.

Задолжително да се почитуваат заштитните појаси на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Доколку во опфатот е потребна промена или дислокација на електроенергетските објекти и инфраструктура, потребно е да се предвиди локација/траса за дислокација на објектите и инфраструктурата и инвеститорот е должен да ги надомести трошоците за дислокација. Еден од условите за позитивно мислење за одобрение за градење е претходно реализирана дислокација и/или промена предвидена во постапката за е-урбанизам (услови издадени од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје)

Со почит,

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

Cvetkovski Gjorgji

Digitally signed by Cvetkovski Gjorgji
Date: 2025.03.05 09:14:20 +01'00'

Македонски Телеком АД, Кеј 13-ти Ноември бр. 6, 1000 Скопје

Бр. 68691

Датум: 12.02.2025

До
Општина Чешиново-Облешево

Предмет: Доставување на мислење

Согласно Вашето Барање за Мислење добиено преку информацискиот систем е-урбанизам за - Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8- Инфраструктури за пренос на електрична енергија, за подземен кабелски 10(20)КВ вод КО Кучичино, Општина Чешиново-Облешево, Ви доставуваме ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ.

Лице за контакт: Марија Николовска, тел. 070/201-058.

Со почит,
Македонски Телеком АД Скопје
DEVOPS активности на оптика
и мрежи од следна генерација
По овластување на
Дејан Влаховиќ

Elizabeta Maneva
Digitally signed by Elizabeta Maneva
Date: 2025.02.13 18:52:32 +01'00'

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура
Железници на Република Северна Македонија - Скопје
Ndërmarrja Publike për Infrastrukturë Hekurudhore
Hekurudhat e Republikës së Maqedonisë së Veriut - Shkup

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура
Железници на Република Северна Македонија - Скопје
Ndërmarrja Publike për Infrastrukturë Hekurudhore
Hekurudhat e Republikës së Maqedonisë së Veriut - Shkup
Бр.-Nr. 20-703/2
21-02-2025 20__ год.-vit
СКОПЈЕ-SHKUP

До

ОПШТИНА ЧЕШИНОВО - ОБЛЕШЕВО

ул.„Маршал Тито“ бб.

2301 Облешево

Предмет: Одговор на барање

Во врска со Вашиот допис со број 22-378/2 од ден 11.02.2025 година и број на постапка 1057/68691 од Е-урбанизам, со кој барате да ви доставиме мислење за изработка на **„Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија, за подземен кабелски 10(20)кВ Вод за приклучок на Фец Еко Фотоволтаик до столбно место од постоечки надземен 10(20)кВ вод, КО Кучичино, Општина Чешиново – Облешево“**, ЈП ЖРСМ Инфраструктура-Скопје Ве информира следново:

По разгледување на Вашето барање и доставениот урбанистички проект, ЈП ЖРСМ Инфраструктура-Скопје нема забелешки за истиот.

Со почит,

Помошник директор за пруги

Зоран Стојанов

Изработил: Александар Равњашки

Проверил:. Ѓорѓи Пушев

Согласен: Дритон Руси

Ул. Јордан Мијалков бр. 50-б, 1000 Скопје. П. фах 543 | Тел. +389 (0) 23 227 903 | Факс: +389 (0) 22 462 330
Rr. Jordan Mijalkov nr. 50-b, 1000 Shkup, K. Postal 543 | Tel. +389 (0) 23 227 903 | Faks: +389 (0) 22 462 330
www.mzi.mk | e-mail:info@mzi.mk

ЗАПИСНИК БР._____

Од извршениот увид за одредување на стационажи за премини и подолжно водење на инсталација за СН КАБЕЛСКИ ВОД

По основ барањето заведено во Јавното претпријатие за државни патишта под број УП.10 од 20.11 2024 год. од ЕКО ФОТОВОЛТАИК ДООЕЛ Кочани одредени се стационажи за премини и подолжно водење на инсталација за СН КАБЕЛ на патните правци: Р2334, ДЕЛНИЦА Кучичино-Теранци врз основа на приложените ситуации:

1. Пат бр. Р2334 премин на км. 20+120 делница Кучичино - Теранци
2. Пат бр. Р2334 премин на км. 20+450 делница Кучичино - Теранци
3. Пат бр._____премин на км._____делница_____
4. Пат бр._____премин на км._____делница_____
5. Пат бр._____премин на км._____делница_____

Подолжно водење на инсталацијата:
од КМ. 20+700 до км. 20+910, L = 210 м., ЛЕВО НА Р2334

Согласно член 41 од Законот за јавни патишта (Сл. весник на РМ 84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12 и 168/12) потребно е до Јавното претпријатие за државни патишта - Скопје да доставите 4 фотокопии од записникот од извршениот увид за одредување на стационажи и техничка документација за поставување на инсталацијата во 4(четири) примероци која треба да опфаќа :

1. **Ситуации со внесени стационажи,**
2. **Попречни пресеци за сите премини со внесени стационажи,**
3. **Карактеристични попречни пресеци на патот за подолжното водење на инсталацијата во усек, насип и на објекти со внесени стационажи.**

Странка ЕКО ФОТОВОЛТАИК ДООЕЛ Кочани
Поше Анѓов

28.11.2024 год.

Јавно претпријатие за државни патишта - Скопје
За надзорен орган "ГАМА" ДОО Скопје
Надзорен инженер
Игорчо Стојановски

Бр/Nr. УП.10-22/4

Скопје/Shkup_____година/viti
24 -02- 2025

Врз основа на член 4 ставовите 14, 15, 16 и 17, член 14, член 40 ставовите 5, 6, 8 и 9, и член 41 став 1 од Законот за јавните патишта (Сл. Весник на РМ бр.84/08, бр.52/09, бр.114/09, бр.124/10, бр.23/11, бр.53/11, бр.44/12, бр.168/12, бр.163/13, бр.187/13, бр.39/14, бр.42/14, бр.166/14, бр.44/15, бр.116/15, бр.150/15, бр.31/16, бр.71/16 и бр.163/16), постапувајќи по Барањето брУП 10-22/1 од 03.02.2025.год (стар број УП 10-167/1 од 2024 год.) . (и дополнително доставените прилози бр. УП 10-22/2 кои пристигнаа во архивата на 03.02.2025 год.) поднесено од **ЕКО Фотоволтаик Дооел – Кочани** , Јавното претпријатие за државни патишта го издава следното:

О Д О Б Р У В А Њ Е

За поставување на подземни електрични 10(20)kV вод за приклучок на ФВЕ ЕКО Фотоволтаик до столбно место од постоечки надземен 10(20)кВ, КО Кучичино, Општина Чешиново -Облешево, со подолжно водење покрај регионален пат Р2334 од км.20+700 до км.20+910, L=210m (лево), и премин под Р2334 со дупчење на стационажа км.20+120 и стационажа км.20+450 како и услови за користење:

Дел I. Општи одредби

1. Корисник на Одобрувањето е:
   ЕКО Фотоволтаик Дооел – Кочани
   или негов правен и законски наследник.
   Адреса:ул.Крижевска бр.13 Кочани
2. Сопственик на инсталацијата е:
   ЕКО Фотоволтаик Дооел - Кочани
   или негов правен и законски наследник.
   Адреса: ул.Крижевска бр.13 Кочани Тел: 075/424-277,
3. Во случај кога Корисникот и Сопственикот на предметната инсталација се посебни правни или физички лица, условите пропишани со ова Одобрување се однесуваат подеднакво и на Корисникот и на Сопственикот на инсталацијата. Неисполнување на условите пропишани со ова Одобрување од страна на Корисникот значи и неисполнување на условите од страна на Сопственикот, а сите негативни импликации од тоа ќе ги сноси Корисникот, односно Сопственикот, вклучувајќи надомест на штети и повлекување на ова Одобрување.
4. Ова Одобрување има времен карактер. Важноста на Одобрувањето истекува најдоцна на **31.12.2025** год. Овој рок може да биде продолжен, односно намален, или Одобрувањето да биде повлечено согласно условите дефинирани во **Дел III** (Општи услови за изведување на работите и користење во периодот на важноста на Одобрувањето) и

Дел IV (Посебни услови за изведување на работите и користење во периодот на важноста на Одобеувањето) од ова Одобрување.

5. Ова Одобрување не може да се пренесува на друго правно или физичко лице.

6. За секоја измена на адресата и на другите податоци за контакт Корисникот, односно Сопственикот треба веднаш да го извести Јавното претпријатие, во спротивно сите негативни последици предизвикани од неможноста за комуникација поради измена на овие податоци ќе бидат на сметка на Корисникот односно Сопственикот.

Дел II. Податоци за предметот на Одобрувањето, патот, местоположбата и начинот на водење

1. Предмет на ова Одобрување е:
   Поставување на подземни електрични 10(20)kV вод за приклучок на ФВЕ ЕКО Фотоволтаик до столбно место од постоечки надземен 10(20)кВ, КО Кучичино, Општина Чешиново -Облешево, со подолжно водење покрај регионален пат Р2334 од км.20+700 до км.20+910, L=210m (лево), и премин под Р2334 со дупчење на стационажа км.20+120 и стационажа км.20+450
2. Предметот на ова Одобрување треба да биде изведен на **Регионален пат Р2334,** Делница (Кучичино-Теранци).
3. Делница: **Кучичино-Теранци**
   Подолжно водење покрај регионален пат Р2334 од км.20+700 до км.20+910, L=210m (лево)
   стационажа на попречниот премин: **Регионален пат Р2334, км.20+120;** Делница: **Кучичино-Теранци**
   стационажа на попречниот премин: **Регионален пат Р2334, км.20+450;** Делница: **Кучичино-Теранци**
4. Краток опис, местоположбата и основни податоци:
   - Нема

Појаснување за Делот III и Делот IV од ова Одобрување:
Со **Делот III** (Општи услови за изведување на работите и користење во периодот на важноста на Одобрувањето) и **Делот IV**(Посебни услови за изведување на работите и користење во периодот на важноста на Одобрувањето) дефинирани се условите за изведување на работите и користењето согласно ова Одобрување, при што:

- сите услови пропишани во **Делот III** (Општи услови за изведување на работите и користење во периодот на важноста на Одобрувањето), кои не се изменети, дополнети или избришани во делот **Делот IV**(Посебни услови за изведување на работите и користење во периодот на важноста на Одобрувањето) остануваат во важност.
- со **Делот IV** (Посебни услови за изведување на работите и користење во периодот на важноста на Одобрувањето) се менуваат, дополнуваат или бришат услови

пропишани во **Делот III** (Општи услови за изведување на работите и користење во периодот на важноста на Одобрувањето),

- Условите пропишани во **Делот IV** (Посебни услови за изведување на работите и користење во периодот наважноста на Одобрувањето) **имаат предимство** во однос на условите пропишани во **Делот III** (Општи услови за изведување на работите и користење во периодот на важноста на Одобрувањето),
- Сите услови и обврски пропишани кон Корисникот на ова Одобрување претставуваат услови и обврски кон Сопственикот на предметот на ова Одобрување.

Дел III. Општи услови за изведување на работите (поставување на инсталацијата) и користење во периодот на важноста на Одобрувањето

III.а. Општи услови за изведување на работите

1. Сите трошоци за изведување на работите ги сноси Корисникот на Одобрувањето.
2. Рокот за изведување на работите е дефиниран во **Дел IV.а**. (Посебни услови за изведување на работите)
3. Работите треба да ги изведува Изведувач кој има потребно искуство, квалификации, опрема, овластувања и лиценци за изведување на оваков вид на работи.
4. Работите да се изведат во согласност со:
   (i). Условите дефинирани со ова Одобрување,
   (ii). Поднесеното Барање и приложената документација, наведена во **Дел V** (Документација врз основа на која е издадена оваОдобрување),
   (iii). Записникот од теренскиот увид наведен во **Дел V** (Документација врз основа на која е издадена оваОдобрување),
   (iv). Законската регулатива,
   (v). Други услови дефинирани во **Дел IV.а.** (Посебни услови за изведување на работите)
5. Работите треба да се изведуваат согласно важечките технички прописи и стандарди, вклучувајќи ги и нормативите поврзани со заштитата на животната средина, користење на атестирани материјали со потребен квалитет и друго.
6. Корисникот на ова Одобрување, на своја сметка, пред да започне со било какви припреми или изведување на работите ќе ги реши потребните имотно правни прашања со сопствениците или корисниците на земјиштето на локацијата на која треба да се изведуваат работите. Корисникот е единствено одговорен и ги прифаќа сите обврски, одговорност или оштетни побарувања од трети лица по сите прашања поврзани со имотно правните работи за потребите на овој Проект.
7. Корисникот на ова Одобрување, на своја сметка, пред да започне со било какви припреми или изведување на работите ќе ги обезбеди сите потребни одобренија, согласности и дозволи од надлежните институции за изведување и користење на предмето на Одобрувањето.
8. Во текот на изведување на работите, Изведувачот не смее да го зафаќа патот, објектите и опремата на патот, како и целиот патен и заштитен појас со било каков градежен материјал, опрема и механизација и сл. По завршување на работите сите

непотребни материјали треба да бидат отстранети од локацијата. Вишокот на ископана земја, градежниот шут или отпад треба да бидат транспортирани и депонирани во најблиската легална депонија.

9. Корисникот на Одобрувањето е одговорен и е должен работите да ги изведува крајно внимателно, односно со својата работа да не причини никакви штети на туѓ имот кој е во патниот или заштитниот појас. Надоместот за било какви причинети штети на патот, на околниот имот или животната средина, кои ќе настанат поради неорганизираност, немарност, нестручност, невнимание, загадување и други причини за кои е одговорен Корисникот ќе бидат на негова сметка. Соодветно, Корисникот на Одобрувањето е единствено одговорен и за сите останати законски последици кои ќе произлезат од изведувањето на работите.
10. Корисникот на Одобрувањето е одговорен и должен да ги превземе и спроведе сите технички и заштитни мерки и услови, и е единствено одговорен, за безбедоноста и сугурноста на целокупната работна рака вклучена во изведувањето на работите, кои се пропишани со важечките закони, стандарди и правилници. Соодветно Корисникот ќе обезбеди соодветни осигурувања за целиот персонал и работна рака вклучена во реализација на работите.
11. Работите треба да се изведуваат под сообраќај без попречување на постојниот режим на сообраќајот, освен ако тоа не е поинаку дефинирано во **Дел IV.а**. (Посебни услови за изведување на работите).

    Корисникот на Одобрувањето е целосно одговорен за превземање на сите потребни мерки и исполнување на сите услови за обезбедување на сигурен и непрекинат сообраќај на постојниот пат за цело време на изведување на работите, при што Јавното претпријатие за државни патишта не сноси никаква одговорност во врска со истото.

    Во случај ако изведувањето на работите условува изменет режим на сообраќајот, Корисникот на Одобрувањето:

    (i). е должен навремено да ги изготви сите потребни документи и планови и да ги добие или обнови сите потребни согласности и одобренија од надлежните државни органи за изменет режим на сообраќајот кои се неопходни за непречено и континуирано изведување на работите,

    (ii). ќе ја обезбеди, постави и одржува целокупната сообраќајна сигнализација и опрема за цело време на важноста на изменетиот режим на сообраќајот, при тоа целосно почитувајќи ги и спроведувајќи ги условите од согласностите и одобренијата од надлежните органи,

    (iii). секогаш кога се планира измена на режимот на сообраќајот на постојниот пат поради изведување на работите, навремено ќе ја извести јавноста и учесниците во сообраќајот преку електронските и печатени медиуми,

    (iv). ја сноси целокупната одговорост за сите причинети штети и оштетни побарувања од трети лица кои се должат на негови пропусти да обезбеди сигурен, непрекинат и безбеден сообраќај за целиот период на изведување на работите, до нивниот технички прием,

12. Контрола од страна на Јавното претпријатие

    (i). За исполнување на условите наведени во ова Одобрување, Јавното претпријатие за државни патишта ќе ангажира стручно лице кое ќе биде присутно и ќе го

надгледува и контролира извршувањето на работите. Ангажираното стручно лице има овластување:

- континурано да го следи извршување на работите,
- да издава налози на Корисникот на Одобрувањето со кои ќе бидат во целост почитувани и спроведени пропишаните услови,
- да учествува во техничкиот преглед на изведените работи,
- да ги стопира работите во случај ако Корисникот не се придржува кон пропишаните услови,
- да ги стопира работите за да се спречат или минимизираат можни штети на патот, патниот појас, имотот на трети лица, или нарушување на безбедноста на сообраќајот и сл.,
- да предложи на Јавното претпријатие за државни патишта Одобрувањето да биде повлечено,
- други работи дефинирани во **Дел IV.а**. (Посебни услови за изведување на работите).

(ii). Трошоците за ангажирањето на стручното лице ќе бидат на сметка на Корисникот на Одобрувањето.

(iii). Корисникот на Одобрувањето нема да попречува и ќе овозможи непречен пристап во секое време на стручното лице, и на други лица назначени од Јавното претпријатие за државни патишта, до локацијата каде се изведуваат работите и до целокупната документација која се однесува на ова Одобрување.

13. Технички преглед на изведените работи:
По завршување на целокупните работи, локацијата на која се изведени работите треба да биде детално очистена од материјали, градежен отпад, опрема и друго, што е предуслов за вршење на технички преглед. Техничкиот преглед го извршуваат претставници на Корисникот на Одобрувањето и ангажираното стручното лице, а по потреба и други претставници назначени од Јавното претпријатие, при што се изготвува и потпишува Записник кој содржи краток опис на изведените работи, отстапувањата во однос на издаденото Одобрување, работи кои треба да бидат довршени, во кој рок и слично. Кон Записникот од техничкиот преглед треба да биде приложена и техничка скица со точна вцртана местоположба на предметот на Одобрувањето во однос на патот. Еден оригинален примерок од Записникот за технички преглед (со сите прилози) се доставува до Јавното претпријатие за државни патишта.
Записникот од Техничкиот преглед не го ослободува Корисникот на ова Одобрување од надомест на било какви штети причинети врз патот, патниот и заштитниот појас во текот на користењето на инсталацијата и важноста на Одобрувањето.

14. а) Јавното претпријатие ќе ги стопира работите и ќе го повлече Одобрувањето, ако Корисникот на Одобрувањето:
(i). Не се придржува кон условите наведени во Одобрувањето,
(ii). Не ги почитува налозите издадени од стручното лице одредено од Јавното претпријатие за државни патишта,
(iii). Не ги изведе и комплетира работите во даденият рок, вклучувајки го и рокот во кој ќе биде толерирано доцнење и кој е наведен **Дел IV.а.** (Посебни услови за изведување на работите),

(iv). Не се изврши технички преглед на работите, не биде изготвен Записник од техничкиот преглед, или Записникот не биде доставен до Јавното претпријатие за државни патишта,

(v). во други случаи пропишани со Одобрувањето и со законската регулатива.

